Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## YEGO USB

Ова е една од оние генијални идеи кои најверојатно нема да се здобијат со голема популарност, а би требало. Се работи за USB стик, чиј капацитет може да се прошири со спојување на повеќе стикови еден на друг.



Секоја Yego USB меморија на компанијата "Ridata" всушност е USB хаб, на кој може да се спојат уште два USB уреда. Во практика, ако се купат 2 Yego мемории со капацитет од 4GB, тие можат да се спојат и да се добие една од 8GB. Yego USB меморијата доаѓа со капацитет од 128MB до 4GB.

## HUMMER HT1



Познатиот производител на воени и на комерцијални џипови "Hummer" - секаде познат по своите "џип чудовишта", влегува во бизнисот со мобилни телефони. Во соработка со францускиот производител на мобилни телефони Modelabs, "Hummer" го претстави својот прв мобилен телефон ексклузивно брендиран како Hummer HT1. Телефонот е во форма на слајдер и доаѓа во повеќе колор варијанти, меѓу кои и маскирна. Имено, за околу 300 евра се добива GSM/GPRS; 2,2 инчен дисплеј; 2 мегапиксели камера microSD слот; и 256 мегабајти вградена меморија. За волја на вистината, ништо посебно освен "wow" факторот, кој го предизвикува брендот на "Hummer".

